38168 НОВА МАКЕДОНИЈА. сп. 16·II·1991, 15827, 18.

БЕЛЕШКА ЗА УМЕТНИКОТ ШТО ПАКУВА ОСТРОВИ И ЗГРАДИ: КРИСТО

# Илјадници квадратни метри платно од убедување

Човекот како да има две можности за успех во борбата против смртта: или Господ и неговата закрила, или трага од себе. Уметноста секогаш беше тука... меѓу тие две можности.

Трагата што зад себе ја остава уметникот Кристо е физички голема-се мери со илјадници квадратни метри материјал и е видлива од прозорчето на млазен авион. Уметничката вредност на неговото творештво – завитканите острови, згради или џиновските завеси што ги постава на големи сообраќајници – се мери со едноцифрена бројка: тој спаѓа во џет-сетот на светската уметност. Го редат меѓу првите пет уметника на планетата: покрај легендата Енди Ворхол и покрај Алешински.

### ДОНАТОР НА МУЗЕЈОТ ВО СКОПЈЕ

Кристо Јавашев е роден во 1935 година во Габрово, Бугарија. Студирал на факултетот за ликовни уметности во Софија и на Ликовната академија во Виена. Неговото интересирање за уметноста на криењето и трансформацијата го развил во Париз за време на 50-тите години. Во 1958 година го компелтирал своето прво „пакување“ во „Обвитканите објекти“ и во 1964 година, по преселувањето во Њу Јорк, ги направил своите први „Фасади на стоковните куќи“ – реалистички конструкции со драпирани прозорци. Првата јавна зграда (Спакуваната Уметничка галерија во Берн) беше ја обвиткал во 1968-та.

Интересно е дека овој проект Кристо го изработил во чест на 50-годишнината на Кунстхал од Берн, но истиот тој цртеж (колаж, молив во боја) и фотографијата од амбиентот му ги испратил на Музејот на современата уметност во Скопје како подарок со што се вброи во редицата донатори кои фактички го овозможија раѓањето на оваа наша ликовна институција по земјотресот во Скопје. Овие две дела се чуваат во збирката на МСУ.

Неговата светска слава доаѓа со „Обвитканиот брег – Литл беј – еден милион квадратни стапки“ во Сиднеј, Австралија што го изработи веќе во следната 1969 година, потоа следи „Завеса во Долината“, Гранд Хогбек, во Рајфл, Колорадо во 1971-72 година, која ја работеше со 35 конструктори, 64-ца повремени помагачи, ученици и студенти кои што го обезбедуваа врзувањето на 27 долги челични јажиња што држеа 200.000 квадратни стапки портокалови завеси. Овој проект на њујорчанецот Кристо растегнат од Рајфл преку мочуриштето долго седум милји до автопатот 325 на државата Колорадо, на уметникот му одзема цели 28 месеци работа. Некој може да рече „тоа не може да се направи“, но тоа, велат, било реализирано со перфектна тимска работа по чие завршување Кристо бил носен на рамениците од работниците на традиционална пијачка во исто толку традиционално американски наречената кафеана „Рајфл Крик“. Настанот што се одвивал на 10 август 1972 година во Рајфл, Колорадо е во типичен американски стил: завесата била отворена на помпезен начин. Додека авторот и помошниците пиеле, општото славје почнало денверските скокачи паѓале во обоени падобрани над



**Кристо Јавашев (1935) роден во Габрово, Бугарија, од 1964 година постојано живее во Њу Јорк**

мочуриштето Геп, коли и коњи се натпреварувале за честа први да поминат под 24-те сводови на отворената завеса...

### МАЈКА МИ Е МАКЕДОНКА

Четири години подоцна Кристо ја подигнал „Трчечката ограда“ во Калифорнија, потоа обвитканите објекти во Мисури (пешачки зони, паркови) во 1977-78. Во периодот меѓу 1977 и 1979 година тој ги добива идеите и ги прави подготвителните цртежи за своите големи дела: нерешениот проект за обвиткување на Рајхстагот во Берлин, обвиткување на споменикот на Кристобал Колон во Барцелона, проектот за Обединетите арапски емирати – Мастабата на Абу Даби, проектот за централниот парк во Њу Јорк и „Обиколените острови“ во Бисканскиот залив во Мајами на Флорида.

Единаесетте острови во заливот на Флорида Кристо ги обвиткал со пет илајди квадратни метри розово платно. Француската поетеса Доминик Лапорт, пред да почине, нив ги нарекла бонбони за Алиса или викторијански подарок за Господа. Веројатно фасцинантно делувале овие острови со својата зелена растителност среде розовите појаси, на темниот фон на заливската вода.

Освен со реализираните проекти, Кристо е исто толку познат и со идеите што никогаш не ги остварил. Пред 20 години тие се изложени во Лондон и преку цртежи и фотографии ги претставувале замислите на уметникот: обвиткана Арката на мирот во Милано со платно, спуштени завеси зад столбовите на Ротондата во Милано, спакувани дрвјата на Авенијата „Елисејски полиња“ во Париз, покриени патиштата во паркот во Арнхајм, завиткана во платно Хемиската кула во Њу Јорк обвиткана статуата Кампанила пред Државниот универзитет на Јужна Дакота.

Излагачката активнсот на Кристо е исто така импресивна: за само десет години – од 1961 до 1971 година – одржал 31 самостојна изложба во светот. Од 64 година овој познат уметник постојано живее во Њујорк.

***● Братот на познатиот светски уметник неодамна во бугарскиот неделник „Култура“ изјави: „Мајка ми е Македонка, баба ни е солунска атентаторка, дедо ни бил голем трговец во Солун, а на татко ми мајка му е Чехиња“***

Во неделникот „Култура“ што излегува во соседна Бугарија, во бројот 51 од 21 декември 1990 година, Тома Томов од разговорот со братот на Кристо, Анани Јавашев, ја објавува, меѓу другото, и неговата изјава за потеклото на Јавашеви. Во текстот под наслов „Делакроа ги подигна барикадите, зошто не и јас?“, имено, пишува: „Мајка ми е Македонка. Бега во 13-та година со баба ми. Баба ни е солунска атентаторка“. И понатаму: „Дедо ми бил голем трговец во Солун. Убиен од Турците во 1913-та година“. И уште понатаму: „Ние сме малку и Чеси, на татко ми мајка му е Чехиња“. ■

С. Ѓ.